Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа КДС-КАБЕЛ НЕТ ДОО Прилеп

ПРЕДМЕТ : Мислење и предлози по Предлог Законот за измени и дополнувања на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Почитувани,

Во продолжение Ви ги доставуваме забелешките и предлозите по однос на текстот на Предлог законот:

*„Член 143"*

*Обврски на оператор кој реемитува програмски сервиси*

*(1) Оператор може да ги реемитува програмските сервиси на домашни радиодифузери само во сервисната зона за која радиодифузерите ја имаат добиено дозволата за обезбедување на телевизиско или радио емитување и врз основа на регулирани авторски права и сродни права, согласно со Законот за авторските права и сродните права.*

*(2) Оператор може да реемитува програмски сервиси на радиодифузери од други држави согласно со членот 44 од овој закон и врз основа на регулирани авторски права и сродни права, согласно Законот за авторските права и сродните права.*

*(3) Доколку програмските сервиси што се реемитуваат преку јавните електронски комуникациски мрежи се титлуваат на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, мора да бидат титлувани на македонски јазик, освен телешопингот и рекламите.*

*(4) Оператор кој реемитува програмски сервиси треба да обезбеди програмскиот пакет задолжително и бесплатно да ги содржи програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис кои се финансираат од буџет на РМ, освен оператор кој реемитува програмски сервиси преку дигитален терестријален мултиплекс.*

*(5) Оператор кој реемитува програмски сервиси треба да обезбеди програмскиот пакет во кој задолжително треба да ги содржи програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис и задолжително да ги содржи програмските сервиси на домашните радиодифузери кои емитуваат телевизиски програмски сервис од општ формат на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс.*

*(6) Операторот кој реемитува програмски сервиси е должен во претплатничките договори што ги склучува со своите претплатници да го наведе програмскиот пакет, односно листата на програмските сервиси кои ги реемитува во моментот, а за кои е издадена потврдата за регистрација од страна на Агенцијата.*

*(7) Операторот кој реемитува програмски сервиси е должен да води посебно сметководство за активностите поврзани со реемитувањето на програмските сервиси."*

Ставот (5) да се брише.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ :**

Ваква обврзувака одредба како што е предвидена во овој Предлог Закон, без никакви анализи и објаснувања и притоа и наложување на сите кабелски оператори да реемитуваат национални комерцијални телевизии не постои во ниту една една земја-членка на Европската унија.

Ова е спротивно на препораките на Прибе извештаите од ОБСЕ и се коси со Директивата на Европската унија за универзална услуга и кориснички права, Директивата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Директивата за електронски комуникации.

Имајќи предвид дека станува збор за приватни трговски друштва односот помеѓу нив треба да се базира на комерцијална основа.Во овој случај операterите би се нашле во многу неповолна ситуација за разлика од комерцијалните телевизии. Самите оператори би можеле да се доведат во ситуација на „ уцена " од страна на комерцијалните телевизии и да бидат принудени да плаќаат надоместоци за реемитување.

Вака формулираниот став е дискриминирачки кон кабловските оператори.Ги става пред свршен чин наметнувајќи им нова законска обврска без притоа да се води сметка за зголемените трошоци кои можат да произлезат од таквата обврска.

Со почит,

За КДС-КАБЕЛ НЕТ ДОО

Прилеп, 30.11.2017 годи